Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 74, 15 февруари 2012 година

февруари 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област економска геологија и лежишта на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област подготовка на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно - научната област експлоатација на слоевити лежишта и механика на карпи и тлото на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област експлоатација на неслоевити лежишта и длабинско дупчење на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област хидрологија/хидрогеологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 71

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област транспортни и извозни постројки на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 83

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област минералогија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 92

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област хотелиерство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 105

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања во научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделскиот факутет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 116

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за збор на асистент за научната област микробиологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....129

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научна област клиничка психологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ....134

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област методика на наставата по литература на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 139

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област органска хемиска технологија на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 144

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно научната област применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 149

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната областа деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 156

**РЕЦЕНЗИЈА** на Германско-македонски и македонско-германски речник од доц. д-р Толе Белчев и доц. д-р Билјана Ивановска, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 162

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Физичкото воспитание и образование кај деца од предучилишната и раната училишна возраст“ од авторот асистент д-р Билјана Попеска, Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 164

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Изработка на рударски простории“ од авторот асистент д-р Николинка Донева од Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип .... 169

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата .... 171

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПОДГОТОВКА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, на седницата одржана на 21.11.2011 година, донесе Одлука бр 2202-292/17 од 22.11.2011 год. за формирање на Рецензентска комисија за подготвување и поднесување на писмен реферат за пријавените кандидати по Конкурсот, објавен на 25 октомври 2011 г, во дневниот весник „Дневник“ за избор на еден ***наставник во сите наставно-научни звања*** за наставно-научната област ***подготовка на минерални суровини*** на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, во состав:

- д-р Борис Крстев, редовен професор на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, претседател,
- д-р Благој Голомеов, редовен професор на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, член,
- д-р Стојан Здравев, редовен професор во пензија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, член.

На распишаниот Конкурс, објавен во дневниот весник „Дневник” на 25 октомври 2011 година за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *подготовка на минерални суровини* се пријавила кандидатката д-р Мирјана Голомеова, вонреден професор на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

Со пријавата кандидатката ги приложила и следниве документи:

- диплома за завршен VIII степен – доктор на технички науки;
- кратка биографија;
- потврда за служење со англиски јазик;
- список на објавени научни и стручни трудови (примерок од секој труд);
- уверение за државјанство;
- копија од изјавата со потврда за прием од комисијата за верификација на факти.

По разгледување на поднесената документација, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип да му го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Мирјана Голомеова** е родена на 23 август 1960 година во Прилеп. Во учебната 1979/1980 год. се запишува на Рударско-геолошкиот факултет во Штип на Одделот за рударство, насока Подготовка на минерални суровини, каде што во 1984 год. дипломира со среден успех 8,51.

Во октомври 1987 год. се вработува на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, како помлад асистент по предметите Ситнење и класирање и Методи на концентрација во ПМС.

Во 1988 год. се запишува на постдипломски студии на Рударско-геолошкиот факултет во Белград, на Одделот за рударство, насока Подготовка на минерални суровини. Во 1990 год. ги положува предвидените испити со среден успех 9.50, а на 26. 11.1993 год. го одбранува магистерскиот труд на тема „*Утврдување на влијанието на физичките својства на хромна руда ‘витина падина’ врз острината на раслојување во таложни*

*машини во постројката Радуша*", со што се стекнува со звањето *магистер на технички науки* од областа на рударството.

Во јуни 1994 год. е избрана во звање асистент на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, по предметот Подготовка на минерални суровини.

Докторската дисертација под наслов **„***Оптимизација на класирањето на бакарна руда од рудникот Бучим во услови на повеќефакторска зависност*", прифатена на Наставно-научниот совет одржан на 30 јуни 1998 год. ја одбранува на 14 март 2002 год., со што се стекнува со звањето *доктор на технички науки*.

За време на изработката на докторската дисертација е на двомесечен студиски престој на Минно-геоложкиот универзитет во Софија.

Во јули 2002 година е избрана во звањето доцент на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, по предметот Методи на испитување во минералната технологија.

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Рударско-геолошкиот факултет (бр. 0202-88 од 2.4.2007 год.), на 30.3.2007 година е избрана во наставно-научно звање *вонреден професор*.

Во текот на изминатите пет години ги има остварено следните активности:

***Наставно-образовна активност***

Д-р Мирјана Голомеова е автор на два позитивно рецензирани учебници:

1. *Минерална технологија II*, Борис Крстев, Мирјана Голомеова, 2008 год., Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за рударство, геологија и политехника.
2. *Методи на испитувања во минералната технологија*, Мирјана Голомеова, Благој Голомеов, 2011, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за природни и технички науки.

Кандидатката има подготвено интерни скрипти за предавања по дисциплините: *Третман на отпадни води* и *Комерцијална логистика*.

Д-р Мирјана Голомеова била *ментор на одбранета магистерска работа* под наслов „Проценка на квалитетот на водите, почвите и седиментите во околината на хидројаловиштето на рудникот САСА и неговото влијание врз животната средина", *изработена од м-р* Афродита Зенделска, 2010, Факултет за природни и технички науки.

Во изминатиот период била: член на комисија за одбрана на една магистерска работа, ментор на четири одбранети дипломски работи, член на комисија за одбрана на 47 дипломски работи.

Д-р Мирјана Голомеова е ангажирана на прв циклус на студии на Факултетот за природни и технички науки, на Одделот за рударство, Одделот за геологија, Индустриска логистика и Животна средина, каде што покрива повеќе задолжителни и изборни предмети. Исто така е предметен наставник и на повеќе дисциплини на втор циклус на студии на неколку студиски програми на Факултетот за природни и технички науки.

Во периодот помеѓу двата избора била рецензент за:

1. Избор на соработник во научната област, односно подрачје РУДАРСТВО, на Факултетот за рударство, геологија и политехника, при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Одлука бр 0210-21 од 15.11.2007 год.)
2. Избор на соработник во научната област *хемија* на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Одлука бр 0210-145-15 од 4.3.2008 год.)
3. Избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област *подготовка на минерални суровини* на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Одлука бр 2702-108/15 од 8.4.2011 год.)

Д-р Мирјана Голомеова од 2009 година е главен и одговорен уредник на списанието „Природни ресурси и технологии" (три изданија) и член на Уредувачкиот одбор на истото списание.

***Научноистражувачка дејност***

Д-р Мирјана Голомеова во периодот од изборот за вонреден професор (2007 - 2011 година) ги има објавено следниве трудови:

1. B. Golomeov, A. Mileva, M. Golomeova, *A software for metal balance of selective flotation,* 2nd Balkan Mining Congress, BALKANMINE 2007, Belgrade, 2007 (усно).
2. M. Golomeova, B. Golomeov, B. Krstev A. Krstev, MATHEMATICAL MODEL OF CLASSIFYING CUT POINT BY LABORATORY HYDROCYCLONE, XIII Balkan Mineral Processing Congres, Bucharest, *Romania*. 14-17. June 2009 (усно).
3. Alexandar Krstev, Boris Krstev, Blagoj Golomeov, Mirjana Golomeova, *COMPUTER PRESENTATION IN MINERAL PROCESSING BY SOFTVER COMPUTER PACKETS*, XIII Balkan Mineral Processing Congres, Bucharest, *Romania*. 14-17. June 2009.
4. B. Krstev, B. Golomeov, M. Golomeova, A. Zendelska, A. Krstev, Some incidents in flotation tailings dumps in Macedonian mines with influences of living environment, XIII Balkan Mineral Processing Congres, Bucharest, *Romania*. 14-17. June 2009.
5. M. Golomeova, B. Golomeov, B. Krstev, A. Zendelska, A. Krstev, Application of dispersion analysis for determining classifying separation size, Natural resources and technology, Stip, 2009.
6. B. Golomeov, B. Krstev, M. Golomeova, A. Krstev, *New processing methods for producing lead and elemental sulfur from ores*, Natural resources and technology, Faculty of Natural and technical sciences, Stip, 2009.
7. Z. Panov, M. Golomeova, T. Sijakova-Ivanova, *Underground coal gasification one of basic clean technologies for production of energy*, Faculty of Natural and technical sciences, Stip, 2009.
8. B. Krstev, B. Golomeov, M. Golomeova, A. Zendelska, A. Krstev, *Ecological evaluation of polluted soils from SASA mine*, Natural resources and technology, Faculty of Natural and technical sciences, Stip, 2009.
9. M. Golomeova, B. Krstev, B. Golomeov, A. Zendelska, A. Krstev, *Evaluation models for contaminated sites - biological system at risk,* Natural resources and technology, Faculty of Natural and technical sciences, Stip, 2009.
10. Панов, Ј. Ликар, Т. Шијакова - Иванова, М. Голомеова, Можности за подземна експлоатација на јаглен со рударската метода Велење во Република Македонија, Зборник на трудови, III стручно советување, ПОДЕКС '09, СРГИМ, М. Каменица, 2009.
11. Alexandar Krstev, Boris Krstev, Blagoj Golomeov, Mirjana Golomeova, *APPLICATION OF MATHEMATICAL METHODS FOR HYDROCYCLONES WITH LAGRANGE MULTIPLIERS*, Natural resources and technology, Faculty of Natural and technical sciences, Stip, 2010.
12. Alexandar Krstev, Boris Krstev, Blagoj Golomeov, Mirjana Golomeova, *COMPUTER PROGRAMMES FOR MINERAL PROCESSING PRESENTATION*, Natural resources and technology, Faculty of Natural and technical sciences, Stip, 2010.
13. Афродита Зенделска, Мирјана Голомеова, Благој Голомеов, Александар Крстев, *ПРИМЕНА НА ЗЕОЛИТИТЕ ЗА ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ СО ПОМОШ НА ЈОНСКА РАЗМЕНА И АДСОРПЦИЈА*, Природни ресурси и технологии, бр. 4, ФПТН, Штип, 2010.
14. Мирјана Голомеова, Афродита Зенделска, Борис Крстев, Александар Крстев, *ГРАВИТАЦИСКА СЕПАРАЦИЈА ЗА ТРЕТМАН НА ОТПАДНА ВОДА ЗАГАДЕНА СО МАСЛА*, Природни ресурси и технологии, бр. 4, ФПТН, Штип, 2010
15. Николче Рунчев, Борис Крстев, Мирјана Голомеова, Корпоративно *управување наспроти корпоративен менаџмент*, Природни ресурси и технологии, бр. 4, ФПТН, Штип, 2010.
16. Blagoj Golomeov, Mirjana Golomeova, Boris Krstev, Alexandar Krstev, *Some hazardous appearances in flotation damps in domestic mines, Perspectives of innovations*, Economics and Business, Volume 7, Prague Development Center, Czech Republic, 2011.
17. Afrodita Zendelska, Mirjana Golomeova, Boris Krstev, Blagoj Golomeov, Alexandar Krstev, *The impact of tailing dam of SASA mine on the quality of the surrounding waters*,

XIV Balkan Mineral Processing Congres, Tuzla, Bosnia and Herzegovina, 14-16 June 2011.

18. Boris Krstev, Blagoj Golomeov, Alexandar Krstev, Mirjana Golomeova, Sasko Ivanov, Afrodita Zendelska, *New performance and decision for recycling technical water from tailing pond in the Bucim copper mine*, XIV Balkan Mineral Processing Congres, Tuzla, Bosnia and Herzegovina, 14-16 June 2011.
19. Blagoj Golomeov, Boris Krstev, Alexandar Krstev, Mirjana Golomeova, Afrodita Zendelska, Risto Popovski, *New inovations and improvments in lead and concentrator for selective flotation for lead-zinc mine Sasa*, XIV Balkan Mineral Processing Congres, Tuzla, Bosnia and Herzegovina, 14-16 June 2011.
20. Alexandar Krstev, Boris Krstev, Blagoj Golomeov, Mirjana Golomeova, Afrodita Zendelska, *From challenge to opportunity: Mathematical and optimization tools for closed ball-hydrocyclone circuit performance*, XIV Balkan Mineral Processing Congres, Tuzla, Bosnia and Herzegovina, 14-16 June 2011.
21. Afrodita Zendelska, Mirjana Golomeova, Boris Krstev, Blagoj Golomeov, Alexandar Krstev, *Heavy metals in the surrounding water and sediments of tailing dam of SASA mine,* XI-th National conference with international participation of the open and underwater mining of minerals, Varna, Bulgaria, 20 -23 June 2011.
22. Blagoj Golomeov, Boris Krstev, Mirjana Golomeova, Alexandar Krstev, *The choise between production of lead selective concentrate or recovery of lead and elemental sulphur from galenite domestic ores*, Machines, Technologies, Materials 2011, 8th International Congress, Varna, Bulgaria, 19-21 September 2011.
23. Boris Krstev, Blagoj Golomeov, Mirjana Golomeova, Alexandar Krstev, *The choice between flotation, leaching or bioleaching from low grade copper bearing domestic ores*, European Biotechnology Congress 2011, Istanbul, Turkey , September 28 – October 1, 2011.
24. Boris Krstev, Blagoj Golomeov, Mirjana Golomeova, Alexandar Krstev, *The investigations and possibility of leaching or bioleaching from nickel bearing laterite ores*, European Biotechnology Congress 2011, Istanbul, Turkey , September 28 – October 1, 2011.
25. Борис Крстев, Александар Лазаров, Благој Голомеов, Александар Крстев, Мирјана Голомеова, Афродита Зенделска, *Тековни предизвици и современи решенија при управување со опасен отпад во Република Македонија*.
26. Борис Крстев, Софче Трајкова, Благој Голомеов, Александар Крстев, Мирјана Голомеова, Афродита Зенделска, *Постојни и перспективни извори за енергија и преработка на комунален отпад*.
27. Mirjana Golomeova, Afrodita Zendelska, Boris Krstev, Blagoj Golomeov, *Heavy metals in the surrounding water and sediments of tailing dam of Sasa mine*, GeoMed 2011, 4th International Conference on Medical Geology, Bari, Italy, 20-25 September 2011.
28. Мирјана Голомеова, Афродита Зенделска, Борис Крстев, Благој Голомеов, *Постапки за згуснување на тиња*, Природни ресурси и технологии, бр 5, ФПТН, Штип, 2011.
29. Благој Голомеов, Мирјана Голомеова, Афродита Зенделска, Александар Крстев, *Можни извори на загадување на водите од сливното подрачје на рудникот САСА*, Природни ресурси и технологии, бр 5, ФПТН, Штип, 2011.
30. Boris Krstev, Aleksandar Krstev, Mirjana Golomeova, Afrodita Zendelska, *Bussiness Informatics and Appropriate Logistics as a Challenge for Education or Economy Globalization in MACEDONIA*, Природни ресурси и технологии, бр. 5, ФПТН, Штип, 2011.

Д-р Мирјана Голомеова во изминативе пет години учествува во реализација на научноистражувачки проекти:

1. Можности за искористување на флотациската јаловина за хидрозасип во јама на хоризонт XIVb (рудник САСА);
2. Подземна експлоатација на јаглен со рударската метода Велење во Р. Македонија (1.1.2007 - 31.12.2008), билатерален проект со Р. Словенија.

***Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност***

Од 2005 до 2009 год., д-р Мирјана Голомеова била продекан на Рударско-геолошкиот факултет – Штип.

На 22.10.2009 година е избрана за раководител на Институтот за рударство при Факултетот за природни и технички науки, „Гоце Делчев“ - Штип.

Од 2007 до 2011 год. е член на Комисијата за финансии, инвестиции и развој на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Во 2011 год., по истекот на првиот мандат, повторно е избрана во истата Комисија за наредните четири години.

Д-р Мирјана Голомеова е член на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип.

Член на Комисија за усогласување на степенот на образование на досегашните дипломирани студенти во согласност со ЕКТС.

Член на Конкурсна комисија за реализација на конкурсот за запишување на нови студенти во учебната 2008/2009 год. на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Член на Работна група за усогласување на наставните програми на Рударско-геолошки факултет во согласност со ЕКТС.

Член на Работна група за изработка на Елаборат – студиска програма за прв циклус на универзитетски студии по логистика на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Член на Работна група за изработка на Елаборат – студиска програма за прв циклус на универзитетски студии по инженерство на животна средина на Факултетот за рудаство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Член на Работна група за измени и дополнувања на студиските програми на Одделот за рударство за втор циклус на студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Член на Работна група за изработка на Елаборат – студиска програма за втор циклус на универзитетски (академски) студии по инженерство на животна средина на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Член на Работна група за изработка на Елаборат – студиска програма за втор циклус на универзитетски (академски) студии по индустриска логистика на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Член на Работна група за изработка на Елаборат – студиска програма за трет циклус на Универзитетски (академски) студии на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Член на Комисијата за проценка на квалитетот на студиските програми – самоевалуација на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Член на Работна група за опремување на лабораторија за Минерална технологија на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

Член на Комисија од Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за евалуација на опрема за лаборатории на Универзитетите во Р. Македонија. Проект на Владата на Р.Македонија.

Член е на Сојузот на рударските и геолошките инженери на Македонија.

Од 2008 год. е член на International Medical Geology Association.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката д-р Мирјана Голомеова ги исполнува сите законски критериуми за избор во наставно-научното звање редовен професор, во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Врз основа на целокупната досегашна активност на кандидатката д-р Мирјана Голомеова, објавените научни и стручни трудови, учеството на меѓународни конгреси, конференции, ангажираноста во наставата на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип може да се заклучи дека кандидатката поседува извонредни квалитети за наставна и научноистражувачка работа.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип за да кандидатот **вонреден професор д-р Мирјана Голомеова се избере во звање редовен професор за наставно-научната област подготовка на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Борис Крстев, редовен професор, с.р.**
**Д-р Благој Голомеов, редовен професор, с.р.**
**Д-р Стојан Здравев, редовен професор, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на д-р Мирјана Голомеова, доктор на технички науки, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Реден број | Наставно-образовна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | Во земјата | Во странство |
| 1 | Позитивно рецензиран универзитетски учебник (2) | **2x15=30** | |
| 4 | Интерна скрипта од предавања (2) | **2x4=8** | |
| 12 | Ментор на одбранета магистерска работа (1) | **1x3=3** | |
| 14 | Ментор на одбранета дипломска работа (макс.7) | **4** | |
| 16 | Член на комисија за одбрана на магистерска и специјалистичка работа | **1** | |
| 17 | Член на комисија за одбрана на дипломска работа (максимум 7) | **1,4** | |
| 25 | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)* | **86,25** | |
| 26 | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестри во изборниот период)** | **7,5** | |
| 27 | Одржани предавања (или консултации) на постдипломски студии по одржан курс | **13x2=26** | |
| 30 | Рецензент на соработници и наставници | **3x1=3** | |
| | **Вкупно** | **170,15** | |

| Реден број | Научноистражувачка дејност и стручно- уметнички активности | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | Во земјата | Во странство |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати објавени во научно списание опфатено во (SCI/CA/останати) (16, 23, 24) | **3x3=9** | |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (1, 2, 3, 4, 17, 18, 18, 19, 20, 21, 22, 27) | | **11x2=22** |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во во странство | | **2x2=4** |
| 13 | Учесник во научен проект<br>1 во земјава, 1 билатерален | **2** | **3** |
| 14 | Уредник на научно списание (SCI/CA/останати) | **3** | |
| 15 | Член на уредувачки одбор на научно списание (SCI/CA/останати) | **1** | |
| 20 | Основач на научна лабораторија (Минерална технологија) | **4** | |
| | **Вкупно** | **48** | |

| Реден број | Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | Во земјата | Во странство |
| 5 | Труд во стручно (научно-популарно) списание (5, 6, 7, 8, 9,11, 12, 13, 14, 15, 28, 29, 30 во земјава) | **13x2=26** | |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (10, 25, 26) | **3X2=6** | |
| 17 | Елаборати и експертизи | **5x2=10** | |
| 24 | Продекан | **8** | |
| 25 | Шеф на институт | **4** | |
| 27 | Член на универзитетски или владини тела | **5** | |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија | **13x2=26** | |
| | **Вкупно** | **85** | |
| | **ВКУПНО: НО+НИ+СА** | **303,15** | |